Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници, Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018 и Службен весник на РСМ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/24), в. д. градоначалникот на Општина Аеродром на 16.4.2025 година ја донесе следнава

## О Д Л У К А

за неизбор на кандидат по јавен оглас

1. Во врска со објавениот јавен оглас за вработување административни службеници број 93/2025 објавен на 29.3.2025 година во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Лајм", како и на веб-страницата на Агенцијата за администрација за работно место ИНС 01 01 В04 001 – Помлад соработник – помлад инспектор за заштита на животната средина во Одделение за градежна инспекција, инспекција за животна средина и инспекција за домување, Сектор за инспекциски работи, не се врши избор поради немање на ниту еден уреден кандидат којшто ги поминал сите три фази на селекција т.е. бидејќи нема кандидат што се квалификува за вработување.
2. Оваа Одлука се објавува на интернет-страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

По барање на Општина Аеродром, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас број 93/2025 на својата веб-страница како и во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Лајм", на 29.3.2025 година за вработување административен службеник од група 1, подгрупа I, еден извршител за работно место ИНС 01 01 В04 001 – Помлад соработник – помлад инспектор за заштита на животната средина во Одделение за градежна инспекција, инспекција за животна средина и инспекција за домување, Сектор за инспекциски работи.

Со решение за формирање Комисија за селекција за вработување по јавниот оглас на Агенцијата за администрација број 10-629/3 од 4.4.2025 година, формирана е Комисија што ја спроведе постапката за селекција за вработување административни службеници по јавниот оглас.

Комисијата за селекција на 15.4.2025 година со почеток во 9:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција за огласот број 93/2025, при што утврди дека за работното место број 1 се пријавиле вкупно 14 (четиринаесет) кандидати, од кои во втората фаза не продолжи ниту еден пријавен кандидат, т.е. пријавените кандидати се неуредни.

Комисијата со Записник од извршена административна селекција за административен службеник, заведен под број 10-629/4 од 15.4.2025 година, констатира дека за горенаведеното работно место нема ниту еден уреден кандидат.

Врз основа на тоа, а согласно со член 45 од Законот за административните службеници, се одлучи во диспозитивот на оваа одлука.

**<u>Упатство за правно средство</u>:** Против Одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет-страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Изготвила:
Соработник за развој и унапредување на процесот
за управување со човечки ресурси
Ирена Петревска

в. д. Градоначалник на Општина Аеродром
Дејан Митески

Република Северна Македонија-Општина Аеродром • Скопје •

тел. +389 (0)2 2401-548, Факс: +389 (0)2 2401 546
www.aerodrom.gov.mk